# АПЕЛАЦИОНЕН СУД
# ШТИП

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА РАБОТАТА ВО 2023 ГОД.



**ФЕВРУАРИ 2024**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
СУ-125/2024-1
01.02.2024 година
Ш Т И П

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД – ШТИП

# ЗА 2023 ГОДИНА

## 1. Предметно работење на ниво на суд

Апелациониот суд во Штип е основан за подрачјето на Основните судови Берово, Виница, Делчево, Кочани, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип и е надлежен за решавање по жалбите против одлуките на Основните судови од своето подрачје, за судир на надлежност меѓу судовите од прв степен од своето подрачје и да врши други работи определени со Закон.

Во Апелациониот суд Штип во 2023 година, примени се вкупно 2655 нови предмети, па заедно со нерешените 808 предмети од претходната 2022 година, вкупно во работа биле 3463 предмети. Од нив решени се 2120 предмети, а нерешени останале 1343 предмети. Приливот на нерешени предмети во 2023 година не е совладан, бидејќи заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 535 предмети ( во 2022 година останале нерешени 808 предмети, а во 2023 година останале нерешени 1343 предмети). Бројот на нови предмети во 2023 година е зголемен за 7 предмети. Имено во 2022 година имало 2648 новопримени предмети, а во 2023 година се примени 2655 нови предмети.

Ова е резултат на тоа што Апелациониот суд Штип од вкупно предвидените 16 судии, до јуни 2023 година работеше со 9 судии и тоа 5 судии кривична материја и 4 судии граѓанска материја. Во месец јуни 2023 година кривичниот судија Славчо Тасев замина во старосна пензија, а од септември до декември 2023 година тројца судии кои работеа на граѓанска материја заминаа во старосна пензија и тоа: Софија Манева, Кирче Донев и Васка Петрова, така што на крајот на месец декември 2023 година и сега моментално во судот работат само пет судии од кои 4 судии кривична материја, заедно со Претседателот на судот, од кои еден судија е на подолготрајно боледување и само еден судија од граѓанска материја. Имајќи во предвид малиот број на судии во граѓанскиот оддел, се одлучи – според годишниот распоред за работа за 2023 година кривичните судии да ги работат Рож предметите, но и тоа не помогна многу, па поради тие причини судот има толку голем заостаток кај граѓанските предмети.

Според податоците се констатира дека во 2023 година има за 7 повеќе ново примени предмети од 2022 година, а заостатокот е зголемен за 535 предмети, но во 2023 година судот работел половина година со 9 судии, заедно со ВД претседателот на судот, бидејки кривичниот судијата Славчо Тасев во месец јуни 2023 година замина во старосна пензија, а од месец септември до декември 2023 година уште тројца граѓански судии Софија Манева, Кирче Донев и Васка Петрова заминаа во старосна пензија, така што на крајот на 2023 година на 28.12.2023 година судот остана со 1 граѓански судија и 4 кривични судии, меѓу кои е и претседателот на судот.

**Кај предметите РОЖ**, приливот на нови предмети се зголемил за 129 предмети, во 2022 примени биле примени 515 нови предмети, а во 2023 година примени се 644 нови предмети, решени се 476 предемети, за разлика од 2022 кога биле решени 503 предмети, а заостатокот се зголемил за 168 предмети, бидејќи од 42 нерешени предмети кој останале во 2022 година, во 2023 година останале нерешени 210 предмети.

**Кај предметите ГЖ** приливот на нови предмети е намален за 87 предмети, бидејќи во 2022 година биле примени 722 нови предмети, а во 2023 година примени се 635 нови предмети, во 2022 биле решени 511 предмети, а во 2023 година решени се 483 предмети, поради што заостатокот е зголемен за 152 предмети од причини што во 2022 година имало нерешени 490 предмети, а во 2023 година 642 нерешени предмети.

**Кај предметите ТСЖ,** зголемен е приливот на нови предмети за 29 предмети, така што во 2022 година биле примени 265 нови предмети, а во 2023 година – примени се 294 нови предмети, во 2022 биле решени 187 предмети, а во 2023 година решени се 186 предмети, зголемен е бројот на нерешени предмети, така што во 2022 година имало 187 нерешени предмети, а во 2023 година има 295 нерешени предмети, што значи дека заостатокот е зголемен за 108 нерешени предмети.

**Кај предметите КЖ,** во 2022 година се примени 439 нови предмети, а во 2023 година 344 нови предмети, што значи дека приливот на нови предмети е намален за 95 предмети, решени се 251 предмети во 2023 година, за разлика од 2022 кога биле решени 413 предмети, заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 93 предмети, бидејќи во 2022 година имало 55 нерешени предмети, а во 2023 година - 148 нерешени предмети.

**Кај предметите КСЖ,** приливот на нови предмети е намален за 3 предмети, во 2022 година примени се 180 предмети, а во 2023 година 177 предмети, решени се 180 предмети, за разлика од 2022 кога биле решени 173 предмети, заостатокот на нерешени предмети е намален за 3 предмети, бидејќи во 2022 година имало 7 нерешени предмети, а во 2023 година - 4 нерешени предмети.

**Прекршочните предмети** во 2022 година биле 426 ново примени предмети, а во 2023 година 410 предмети, односно 16 предмети помалку од 2022 година, решени се 392 прекршочни предемети, за разлика од 2022 кога биле решени 406 предмети, а останале нерешени 43 за разлика од 2022 година кога останале нерешени 25 предмети, што значи заостатокот се зголемил за 18 предмети.

Се констатира дека во 2023 година нерешени останале 1343 предмети, од кои КЖ – 148 предмети,, ПРКЖ – 43 прекршочни предмети , КСЖ – 4 предмети , КР – 1 предмет, ГЖ - 642 граѓански предмети , ТСЖ - 295 стопански предмети и РОЖ – 210 предмети.

Бројот на нерешени предмети е зголемен за 535, ако се има во предвид дека во 2022 година нерешени предмети биле 808, а во 2023 година 1343 нерешени предмети, имајки го во предвид малиот број судии за кои е погоре споменато.

Состојбата со видовите на предмети и движењето за секој вид поединечно, како и предметите од областа на судската управа се дадени во **Табела бр. 1.**

**Табела бр.1**

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Уписник за второстепени кривични предмети | 55 | 340 | 4 | 0 | 399 | 251 | 148 |
| КЖМ-Уписник за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници | 0 | 14 | 0 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| КСЖ-Уписник за второстепен кривичен совет | 7 | 177 | 0 | 0 | 184 | 180 | 4 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 25 | 410 | 0 | 0 | 435 | 392 | 43 |
| КР-Уписник за разни кривични предмети | 1 | 50 | 0 | 0 | 51 | 50 | 1 |
| ГЖ-Уписник за второстепени граѓански предмети | 490 | 629 | 6 | 0 | 1125 | 483 | 642 |
| РОЖ-Уписник за второстепени предмети по спорови од работни односи | 42 | 639 | 5 | 0 | 686 | 476 | 210 |
| ТСЖ-Уписник за второстепени предмети по трговски спорови | 187 | 291 | 3 | 0 | 481 | 186 | 295 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | 1 | 87 | 0 | 0 | 88 | 88 | 0 |
| **ВКУПНО** | **808** | **2637** | **18** | **0** | **3463** | **2120** | **1343** |

Податоци за предметите се дадени од евиденцијата од системот АКМИС. Резултатите од работењето на судот се пресметани за период од 10,5 месеци.

Во кривичниот оддел во просек по кривичните предмети: КЖ, КЖМ, КСЖ, ПРКЖ и КР заедно е остварено 81,42 % од предвидената ориентациона норма за 2023 година.

Во граѓанскиот оддел во просек по сите видови предмети: ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р остварено е 155,12 % од предвидената ориентациона норма.

Просечо за 2023 година на ниво на суд е остварено 118,27 % од предвидената ориентациона норма.

Во **Табела бр.1/1** дадени се податоци за ангажманот на судиите за нивното постапување како претседатели и членови на совет, што заедно со бројот на предмети по кои постапувале како судии известители даваат целосен приказ за нивното предметно работење.

**Табела бр.1/1**

| Име презиме | ГЖ - Претседател | ГЖ - Член | ТСЖ - Претседател | ТСЖ - Член | РОЖ - Претседател | РОЖ - Член | Р - Претседател | Р - Член | КЖ - Претседател | КЖ - Член | КЖМ - Претседател | КЖМ - Член | КСЖ - Претседател | КСЖ - Член | КР - Претседател | КР - Член | ПРК Ж - Претседател | ПРК Ж - Член | Вкупно Претседател | Вкупно член |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Васка Петрова | 60 | 368 | 33 | 128 | 0 | 13 | 8 | 45 | 0 | 22 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | **101** | **581** |
| Весна Димитриевска Накова | 0 | 36 | 0 | 22 | 0 | 247 | 0 | 12 | 1 | 145 | 0 | 0 | 1 | 96 | 3 | 25 | 0 | 172 | **5** | **755** |
| Данка Ристова | 0 | 057 | 0 | 31 | 253 | 69 | 0 | 13 | 129 | 45 | 1 | 13 | 93 | 41 | 31 | 6 | 219 | 68 | **726** | **343** |
| Кирче Донев | 40 | 26 | 12 | 11 | 5 | 7 | 9 | 19 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | **66** | **77** |
| Мирјанка Гоцевска Стефановска | 0 | 69 | 0 | 27 | 130 | 225 | 0 | 7 | 69 | 116 | 13 | 1 | 59 | 72 | 15 | 25 | 98 | 221 | **384** | **763** |
| Светлана Јованова | 85 | 356 | 39 | 126 | 0 | 25 | 14 | 61 | 0 | 27 | 0 | 0 | 0 | 14 | 0 | 1 | 0 | 19 | **138** | **629** |
| Славчо Тасев | 0 | 4 | 0 | 5 | 68 | 25 | 0 | 0 | 51 | 14 | 0 | 0 | 20 | 8 | 3 | 1 | 68 | 18 | **210** | **75** |
| Софија Манева | 299 | 11 | 104 | 5 | 15 | 9 | 55 | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 10 | **473** | **47** |
| Тони Делев | 1 | 42 | 0 | 24 | 0 | 320 | 0 | 15 | 4 | 171 | 0 | 14 | 6 | 108 | 1 | 39 | 7 | 274 | **19** | **1.007** |
| **ВКУПНО** | **485** | **969** | **188** | **379** | **471** | **940** | **86** | **172** | **254** | **557** | **14** | **28** | **179** | **352** | **53** | **97** | **392** | **783** | **2122** | **4277** |

## Начин на решавање на предметите постари од 6 месеци

Во однос на нерешените предмети кои на 31.12.2023 биле постари од 6 месеци од вкупно нерешените 196 кривични предмети само 1 предмет е постар од 6 месеци од приемот, што изнесува 0,51% од нерешените кривични предмети, додека од вкупно нерешените 1147 граѓански предмети, 626 предмети се постари од 6 месеци од приемот, што изнесува 54,58% од нерешените граѓански предмети.

Овие предмети ќе имаат максимален приоритет во решавањето од страна на судиите, а се работи за предмети кои по својата правна природа се посложени предмети и бараат поголемо разгледување, користење на проширена литература и расправа за правните прашања на седница на оддел.

Бидејќи во 2023 година, во кривичен оддел од вкупно решените 887 предмети само 25 предмети се решени за време над 6 месеци, што изнесува 2,82% од решените кривични предмети, додека во граѓански оддел од вкупно решените 1233 предмети, 399 предмети се решени за време над 6 месеци, што изнесува 32,36% од решените граѓански предмети, имаме реален оптимизам дека кривичните предмети, а по распишаните три огласи за избор на уште еден судија од кривична материја во 2024 година, дека ќе бидат навремено решени и нема да има повреда на правото за судење во разумен рок, а со прием на нови четири граѓански судии во 2024 година, и со поднесување на ново барање за избор на уште на тројца судии, реално може да очекуваме дека и предметите постари од 6 месеци во граѓанската материја ќе бидат навремено решени.

## 2. Судска Управа

### Табела бр.2

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-Разни известувања во Судска Управа | 0 | 1507 | 0 | 1507 | 1507 | 0 |
| СУ-ДОВ-Доверлив уписник за судска управа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго доверлив уписник за судска управа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УПП-Уписник за евиденција на преставки и поплаки | 0 | 133 | 0 | 133 | 133 | 0 |
| СУ-ИЗЗ-Изземање на судии и претседател | 0 | 389 | 0 | 389 | 389 | 0 |
| СПИ-Уписник за слободен пристап до информации | 0 | 5 | 0 | 5 | 5 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **2034** | **0** | **2034** | **2034** | **0** |

## 3. Квалитет на предмети на ниво на суд

### Табела бр.3 - Квалитет на одлуки во сооднос со решените предмети

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 251 | 13 | 5,18% | 2 | 0,80% | 2 | 0,80% | 8 | 3,19% |
| КЖМ | 14 | | | | | | | | |
| КСЖ | 180 | | | | | | | | |
| ПРКЖ | 392 | | | 1 | 0,26% | | | | |
| КР | 50 | | | | | | | | |
| ГЖ | 483 | 14 | 2,90% | 2 | 0,41% | 1 | 0,21% | 2 | 0,41% |
| РОЖ | 476 | 4 | 0,84% | 3 | 0,63% | | | 2 | 0,42% |
| ТСЖ | 186 | 9 | 4,84% | 2 | 1,08% | | | 2 | 1,08% |
| Р | 88 | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **2120** | **40** | **1,89%** | **10** | **0,47%** | **3** | **0,14%** | **14** | **0,66%** |

## 4. Предметно работење на ниво на оддел

Состојбата со предметното работење на ниво на оддели е следната:

### Табела бр.4/1 - Кривичен оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Уписник за второстепени кривични предмети | 55 | 340 | 4 | 0 | 399 | 251 | 148 |
| КЖМ-Уписник за второстепени кривични и прекршочни предмети во постапка против малолетници | 0 | 14 | 0 | 0 | 14 | 14 | 0 |
| КСЖ-Уписник за второстепен кривичен совет | 7 | 177 | 0 | 0 | 184 | 180 | 4 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 25 | 410 | 0 | 0 | 435 | 392 | 43 |
| КР-Уписник за разни кривични предмети | 1 | 50 | 0 | 0 | 51 | 50 | 1 |
| **ВКУПНО** | **88** | **991** | **4** | **0** | **1083** | **887** | **196** |

### Табела бр.4/2 - Граѓански оддел

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГЖ-Уписник за второстепени граѓански предмети | 490 | 629 | 6 | 0 | 1125 | 483 | 642 |
| РОЖ-Уписник за второстепени предмети по спорови од работни односи | 42 | 639 | 5 | 0 | 686 | 476 | 210 |
| ТСЖ-Уписник за второстепени предмети по трговски спорови | 187 | 291 | 3 | 0 | 481 | 186 | 295 |
| Р-Уписник за разни граѓански предмети | 1 | 87 | 0 | 0 | 88 | 88 | 0 |
| **ВКУПНО** | **720** | **1646** | **14** | **0** | **2380** | **1233** | **1147** |

## 5. Квалитет на предмети на ниво на оддели

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки на ниво на кривичен оддел е следната:

**Табела бр.5/1 - Квалитет на одлуки во сооднос со вкупно решените предмети**

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| КЖ | 251 | 13 | 5,18% | 2 | 0,80% | 2 | 0,80% | 8 | 3,19% |
| КЖМ | 14 | | | | | | | | |
| КСЖ | 180 | | | | | | | | |
| ПРКЖ | 392 | | | 1 | 0,26% | | | | |
| КР | 50 | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **887** | **13** | **1,47%** | **3** | **0,34%** | **2** | **0,23%** | **8** | **0,90%** |

**Табела бр.5/1а – КЖ**

| Име презиме | ВППП Потврдени | ВППП Преиначени | ВППП Укинати | ВППП Отфрлени | БЗЗ Потврдени | БЗЗ Преиначени | БЗЗ Укинати | БЗЗ Отфрлени | ПП Потврдени | ПП Преиначени | ПП Укинати | ПП Отфрлени | ВУК Потврдени | ВУК Преиначени | ВУК Укинати | ВУК Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Весна Димитриевска Накова | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Данка Ристова | 4 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Мирјанка Гоцевска Стефановска | 2 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Славчо Тасев | 1 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тони Делев | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **12** | **0** | **1** | **8** | **1** | **2** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Табела бр.5/1б – ПРКЖ**

| Име презиме | ВППП Потврдени | ВППП Преиначени | ВППП Укинати | ВППП Отфрлени | БЗЗ Потврдени | БЗЗ Преиначени | БЗЗ Укинати | БЗЗ Отфрлени | ПП Потврдени | ПП Преиначени | ПП Укинати | ПП Отфрлени | ВУК Потврдени | ВУК Преиначени | ВУК Укинати | ВУК Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Весна Димитриевска Накова | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Данка Ристова | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Мирјанка Гоцевска Стефановска | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Славчо Тасев | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Тони Делев | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Состојбата со квалитетот на донесените одлуки на ниво на граѓански оддел е следната:

**Табела бр.5/2 - Квалитет на одлуки во соодност со вкупно решените предмети**

| Вид предмети | Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | | Отфрлени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % | број | % |
| ГЖ | 483 | 14 | 2,90% | 2 | 0,41% | 1 | 0,21% | 2 | 0,41% |
| РОЖ | 476 | 4 | 0,84% | 3 | 0,63% | | | 2 | 0,42% |
| ТСЖ | 186 | 9 | 4,84% | 2 | 1,08% | | | 2 | 1,08% |
| Р | 88 | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **1233** | **27** | **2,19%** | **7** | **0,57%** | **1** | **0,08%** | **6** | **0,49%** |

**Табела бр.5/2а**

| Име презиме | ВПЛ Вкупно | ВПЛ - Потврдени | ВПЛ - Преиначени | ВПЛ - Укинати | ВПЛ - Отфрлени | ГЖ - Потврдени | ГЖ - Преиначени | ГЖ - Укинати | ГЖ - Отфрлени | ТСЖ - Потврдени | ТСЖ - Преиначени | ТСЖ - Укинати | ТСЖ - Отфрлени | РОЖ - Потврдени | РОЖ- Преиначени | РОЖ - Укинати | РОЖ - Отфрлени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Весна Димитриевска Накова | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Данка Ристова | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Зоранчо Мицевски | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Кирче Донев | 11 | 5 | 1 | 3 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| Мирјанка Гоцевска Стефановска | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Светлана Јованова | 13 | 11 | 0 | 1 | 1 | 7 | 0 | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Софија Манева | 11 | 6 | 0 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 2 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Сузана Здравева | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПНО** | **41** | **27** | **1** | **7** | **6** | **14** | **1** | **2** | **2** | **9** | **0** | **2** | **2** | **4** | **0** | **3** | **2** |

## 6. Состојба со стари предмети

На 31.12.2023 година, во Апелационен суд Штип останале стари нерешени предмети над 2 години, сметано според првиот прием на судскиот предмет во Основен суд, вкупно 427 нерешени предмети од кои: 30 предмети КЖ, 281 предмети ГЖ, 85 предмети ТСЖ и 31 предмети РОЖ.

Ваквата состојба на нерешени предмети е резултат поради следните причини:

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ бр. 02-2114/1 од 01.12.2015 година (Сл. весник на РМ бр. 213/15 од 03.12.2015 година) во Апелациониот суд во Штип се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот. Апелациониот суд во Штип од јануари 2023 година до јуни 2023 година работеше со 9 судии, бидејќи во месец јуни 2023 година еден судија кој работеше кривична материја, судијата Славчо Тасев замина во старосна пензија. Бројот на граѓански судии исто така се намали од четири судии на еден судија, поради тоа што во месец септември, октомври и декември 2023 година судиите Софија Манева, ВД Претседателот на

судот - судијата Кирче Донев и судијата Васка Петрова заминаа во старосна пензија, така што во судот остана само еден граѓански судија.

Од страна на Судски совет на РСМ во 2023 година се објавени три огласи за прием на еден судија од кривична материја и четири судии од граѓанска материја, но се уште не е извршен избор на судии по овие огласи, па со избор на овие пет судии, како и со распишување на друг оглас за уште за тројца судии , судот ќе може да ги реши овие предмети и ќе придонесе за поажурно решавање на останатите предметите и намалување на заостатокот на нерешени предмети.

Во **Табела бр.6/1** се изнесени податоци за нерешени стари кривични предмети над 2 години според годината на прием во основен суд кои се вкупно 30 кривични предмети.

**Табела бр.6/1**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | |
| КЖ | | | | | 1 | 1 | 11 | 17 | 30 |
| КЖМ | | | | | | | | | 0 |
| КСЖ | | | | | | | | | 0 |
| ПРКЖ | | | | | | | | | 0 |
| КР | | | | | | | | | 0 |
| Вкупно: | | | | | 1 | 1 | 11 | 17 | 30 |

Во **Табела бр.6/2** се изнесени податоци за тоа кај кој од судиите во Кривичен оддел при Апелационен суд Штип се наоѓаат во работа овие кривични предмети.

**Табела бр.6/2**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 1 | Весна Димитриевска Накова | КЖ | | | | | | 1 | 2 | 1 |
| 2 | Данка Ристова | КЖ | | | | | | | 3 | 5 |
| 3 | Мирјанка Гоцевска Стефановска | КЖ | | | | | 1 | | 3 | 2 |
| 4 | Тони Делев | КЖ | | | | | | | 3 | 9 |

Во **Табела бр.6/3** се изнесени податоци за нерешени стари граѓански предмет над 2 години во Апелационен суд Штип според годината на прием во основен суд, по сите основи во вкупен број од 397 предмети.

**Табела бр.6/3**

| Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | |
| ГЖ | | | 3 | | 3 | 20 | 67 | 188 | **281** |
| ТСЖ | 1 | | 1 | | 2 | 6 | 15 | 60 | **85** |
| РОЖ | | | | | | | 3 | 28 | **31** |
| Р | | | | | | | | | **0** |
| **Вкупно:** | 1 | 0 | 4 | 0 | 5 | 26 | 85 | 276 | **397** |

Во **Табела бр.6/4** се изнесени податоци за тоа кај кои судии од граѓански оддел во Апелационен суд Штип се наоѓаат овие нерешени предмети по сите основи.

**Табела бр.6/4**

| РБ | Судија | Уписник | Година на прв прием во ОС | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 |
| 1 | Весна Димитриевска Накова | РОЖ | | | | | | | | 3 |
| 2 | Данка Ристова | РОЖ | | | | | | | 1 | 9 |
| 3 | Мирјанка Гоцевска Стефановска | РОЖ | | | | | | | 1 | 4 |
| 4 | Тони Делев | РОЖ | | | | | | | 1 | 10 |
| 5 | Васка Петрова | ГЖ | | | 1 | | 2 | 4 | 21 | 63 |
| | | ТСЖ | | | | | 1 | 1 | 6 | 22 |
| | | РОЖ | | | | | | | | 2 |
| 6 | Светлана Јованова | ГЖ | | | 2 | | 1 | 16 | 46 | 125 |
| | | ТСЖ | 1 | | 1 | | 1 | 5 | 9 | 38 |
| | | РОЖ | | | | | | | | |

## 7. Кратки констатции за просторни капацитети, информатичка технологија и човечки ресурси

### 7.1. Просторни капацитети

Просториите во кој се сместени судиите и судските службеници се опремени со потребниот мебел и информатичка опрема. Секој судија има свој компјутер и пристап до АКМИС и Интернет. Печатањето на одлуките се врши преку мрежен печатар со што се заштедува во средства за опрема и така е и поекономично за експлоатација. Изградена е просторија за серверите по сите поставени стандарди. Секоја канцеларија е климатизирана и вклучена во системот за парно греење.

Судот располага со три судници, од кои едната е со систем за тонско снимање, и тие целосно ги задоволуваат потребите на судот.

Судските советници и соработници се сместени по еден, двајца или тројца во една просторија. Записничарите се сместени по 5 лица во две простории, но засега нема можност за било какво проширување. Ова состојба може да се подобри само доколку Вишото јавно обвинителство, кое е сместено во судската зграда бидат преместени во друга зграда.

Реален и долгогодишен проблем постои што средствата за греење се обезбедуваат од буџетот на овој суд, а на системот се вклучени и други органи како: Основен суд Штип, Основно јавно обвинителство Штип, Вишо јавно обвинителство Штип и Јавно правобранителство. Освен Јавното правобранителство ниту еден од другите органи не партиципира со средства за парно, но и за електрична енергија, вода и ѓубре. За овие износи се доставуваат прегледи за нивните трошоци секој месец, но тоа нема никаков ефект.

### 7.2. Информатичка технологија

#### Примена на програмски апликации во судот

АКМИС системот комплетно се применува во работата на судот, т.е. секој предмет, акт и предвидените податоци ажурно се заведуваат во електронските досиеа на предметите и соодветно се процесираат (не се практикува паралелна работа вон АКМИС ниту во писарница). Податоците за сите извештаи се генерираат со помош на постојните модули во АКМИС и апликацијата ССРМ извештаи.

Редовно се врши електронска достава на покани и други писмена до адвокатите регистрирани на порталот за е-достава.

Модулот за скенирање редовно се користи. Сите поднесоци кои се доставуваат во хартиена форма до судската писарница се внесуваат во електронското досие на предметот.

Во текот на 2023 година имаше надградување на нова верзија на АКМИС системот. Последната верзија е 5.7.0.39.

Сите компјутери се заштитени со лиценциран Kaspersky антивирус.

АБМС системот за работата во сметководство и благајна уредно се применува.

#### Извршени промени и доградби

Во однос на ИТ опремата со која располага судот, од страна на Неоком и C&T од Скопје беше завршена миграцијата на виртуелните машини од стариот на новиот сервер, со што новиот серверски систем е комплетно функционален.

На 21.12.2023 год. набавен е мрежен принтер Pantum BP5100DW.

#### Воочени проблеми и предлози за подобрување

Во врска со АКМИС системот констатирани се следните недостатоци:

- Одредени видови на основи и основи недостасуваат во уписниците, посебно во ПРКЖ;
- Не се внесени сите закони и не се поврзани одредени основи со членови на законите;
- Базата на податоци за овластени правни и физички лица (адвокати, нотари, извршители, вешти лица) не се ажурира редовно и навремено;

- Сеуште не е извршено вертикално поврзување со основните судови, т.е. невозможно е да се пристапи до електронското досие на првостепениот предмет.

Во врска со модулот за анонимизација и објавување на одлуки на web-сајтот на судот состојбата е следната:

- Во текот на 2023 година објавени се вкупно 1745 одлуки.
- Заклучно со 31.12.2023 од страна на АС Штип се објавени вкупно 26.694 одлуки.

Проблем во врска со анонимизацијата:

- Со модулот на анонимизација автоматски не се анонимизираат сите лични податоци, а непотребно се анонимизираат имињата на градовите.
- Законскиот период во кој треба одлуките да стојат објавени е 5 години, а на новиот web портал на судот има објавени одлуки постари од 14 години.

Проблеми со електронската достава:

- Немаме интерконекција со Вишото јавно обвинителство и овој проблем не можеме самите да го решиме, потребна е интервенција од страна на одговорните за реализација на интерконекциите со ЈО.

Заради тековното обновување на хардверот, неопходно е планирање на средства и набавување на лиценци за Microsoft Office и PDF Editor.

Заради примена на Законот за заштита на лични податоци, заради обезбедување услови за безбедна и непречена комуникација, како и заради повекекратно зголемување на лимитот на податоци кои електронски ги праќаме и примаме, за секој суд потребен е сопствен меил сервер, софтвер за автоматска енкрипција на податоци и софтвер за следење на логови на серверите.

### 7.3. Човечки ресурси

Апелациониот суд во Штип на почетокот на 2023 година имаше 53 вработени од кои 9 судии заедно со ВД Претседателот на судот, 36 Судски службеници, 6 Припадници на судската полиција и 2 Хигеничарки.

Во текот на јуни судијата Славчо Тасев замина во старосна пензија , а од месец септември 2023 година до месец декември 2023 година судиите Софија Манева, Кирче Донев (ВД Претседател на судот) и Васка Петрова заминаа во старосна пензија, така што бројот на судии се намали од девет судии на  само пет судии од кои четири судии работеа кривична материја а само еден судија граѓанска материја. Брорројот на вработени се намали и до крајот на 2023 година изнесуваше 49.

На 18.10.2023 година судијата кој работи кривична материја Тони Делев беше избран за Претседател на Апелационен суд Штип

Во текот на месец септември 2023 година се распиша интерен оглас за унапредување на 17 судски службеници така што беа унапредени 7 судски службеници во Судски советници, 9 судски службеници во Виши судски референти-дактилографи  и еден судски службеникн во Виш судски референт - доставувач.

Во Апелациониот суд Штип моменталната структура на вработени е следната:

49 вработени од кои 5 судии зедно со Претседателот на судот, од кои 4 судии на кривична материја и еден судија на граѓанска материја, 1 (еден) Судски администратор, 1 (еден) Раководител на кривичен оддел, 1(еден) раководител на граѓански оддел, 1 (еден) Раководител на одделение за информатика, 10 - Судски советници, 2- Судски соработници, 1 Советник – информатичар), 1 (еден) Самостоен судски референт - Технички секретар на Претседателот, 9 (девет) Виши Судски референти - дактилографи, 1 (еден) Самостоен судски референт - координатор на дактилобиро, 1 (еден) Самостоен референт - сметководител, 1 (еден) Самостоен референт – благајник и материјален книговодител, 1(еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во граѓански оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во кривичен оддел, 1 (еден) Самостоен судски референт - за прием и експедиција на пошта и архивар, 1 (еден) Виш судски референт- одговорен за одржување на судската зграда, 1 (еден) Виш судски референт- координатор на техничка служба, 1 (еден) Виш судски референт – доставувач, 6 (шест) Припадници на судската полиција и 2 (две) Хигиеничарки.

## Организациона поставеност и систематизација (судии и други вработени)

### Организациона поставеност

Согласно Судскиот Деловник Апелациониот суд Штип својата надлежност ја остварува преку канцеларијата на Претседателот на судот, кривични совети, граѓански совети, оддел за судска пракса, судска писарница и канцеларија за односи со јавност.

Во рамките на канцеларијата на Претседателот на судот работеа: Судскиот администратор, Техничкиот секретар на Претседателот на судот, Раководител на одделение за информатика, Советник – информатичар, Благајник и материјален книговодител и Сметководител,. Судскиот администратор својата надлежност ја остварува самостојно и со помош на останатите вработени во канцеларијата на Претседателот на судот.

По кривичните предмети до јуни 2023 година постапуваа 5 судии, а од месец јуни четири судии, бидејќи судијата Славчо Тасев замина во старосна пензија,3 стручни соработници и 5 дактилографи. Овие судии постапуваа и по Рож предметите.

По граѓанските предмети до месец септември 2023 година постапуваа 3(тројца) судии, од месец септември постапуваа двајца судии, а од крајот на месец декември постапуваше само еден граѓански судија. Ова од причини што граѓанските судии Софија Манева и Васка Петрова заминаа во старосна пензија во септември 2023 година, односно крајот на декември 2023 година. Во текот на месец октомври 2023 година во старосна пензија замина и ВД Претседателот на судот Кирче Донев кој освен што ја обавуваше Претседателската функција работеше и граѓанска материја.

Со нив работеа 10 стручни судски службеници и 5 дактилографи.

Во одделот за судска пракса беа распоредени 5 судии и тоа ВД Претседателот на судот – Претседателот на судот, двајца судии од кривичен оддел, двајца судии од граѓански оддел, еден Судски советник по кривична материја и двајца стручни судски службеници од граѓански материја.

Во судската писарница беа распореден еден Водител на писарница во граѓански оддел, еден Водител на писарница во кривичниот оддел и еден Референт за прием и експедиција на пошта и архивар.

Во рамките на судската писарница е и канцеларијата за односи со јавност. а Референтот за прием и експеција на пошта и архивар е и одговорен за односи со јавноста.

**Систематизација**

**Судии**

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РМ бр. 02-2114/1 од 01.12.2015 година (Сл. весник на РМ бр. 213/15 од 03.12.2015 година) во Апелациониот суд во Штип се предвидени 16 судии заедно со Претседателот на судот.

Апелациониот суд во Штип на почетокот на 2023 година работеше само со 9 судии заедно со ВД Претседателот на судот но до крајот на 2023 година судот остана со само 5 судии и тоа 4 кривични и само 1 граѓански судија, бидејки во јуни, септември, октомври и декември 4 судии заминаа во старосна пензија и тоа еден кривичен судија и тројца граѓански судии,што значи дека Апелациониот суд Штип моментално работи со 11 судии помалку, бидејќи според систематизацијата се предвидени 16 судии. Од страна на Судски совет на РСМ во текот на 2023 година беа објавени три огласи за прием на вкупно 5 судии од кои еден кривичен судија и четири граѓански судии, мегутоа до сега ССРСМ нема извршено избор по распишаните огласи. Со оглед на големиот заостаток на нерешени предмети Претседателот на судот ќе поднесе ново барање за распишување на уште еден оглас за избор на уште тројца судии.

**Судски службеници, судска полиција и вработени според ЗРО**

Вкупниот број на предвидени работни места, согласно Систематизацијата на работни места во судот изнесува 91 работни места и тоа: 75 судски службеници, 10 – судска полиција и 6 работни места според ЗРО.

Моменталната структура на вработени :

**судски службеници 36**

1 (еден) Судски администратор
-1 (еден) Раководител на одделение за информатика
-1 (еден) Раководител на кривичен оддел
-1 (еден) Раководител на граѓански оддел
-10 (десет) Судски советници,
-2 (двајца)Судски соработници и
-1(еден) Советник – информатичар.
-1 (еден) Самостоен судски референт -Технички секретар на Претседателот,
-1 (еден) Самостоен судски референт - Координатор на дактилобиро,
-1 (еден) Самостоен референт - Сметководител,
-1(еден) Самостоен референт- Благајник и материјален книговодител,
-1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во граѓански оддел,
-1 (еден) Самостоен судски референт - водител на писарница во кривичен оддел,
-1 (еден) Самостоен судски референт - за прием и експедиција на пошта и архивар,
-1 (еден) Виш судски референт-одговорен за одржување на судската зграда,
-1 (еден) Виш судски референт-координатот на техничка служба
-9 (девет) Виши Судски референти - дактилографи, и

-1 (еден) Виш судски референт – доставувач.

**<u>Судска полиција -</u>** 6 (шест) припадници на судската полиција.

**<u>Вработени според ЗРО</u>** - 2 (две) хигеничарки

**Вкупно 44 вработени** (36-судски службеници, 6 -судска полиција и 2-вработени според ЗРО)

Од вкупно предвидените работни места според систематизацијата на Апелациониот суд Штип <u>непополнети работни места</u> се 47 и тоа :

**Во категоријата Б** – Раководни судски службеници, непополнети се 5 работни места и тоа: 2 работни места самостоен судски советник,1 работно место Раководител на служба, 1 работно место-Раководител на одделение за материјално и финансиско работење и 1 работно место- Раководител на одделение за човечки ресурси.

**Во категорија В** Стручни судски службеници непополнети се 14 работни места и тоа: 1 работно место за Советник – за материјално и финаниско работење, 1 работно место за Советник за односи со јавноста и логистика, 5 работни места за Виш судски соработник, 3 работни места за Судски соработник, 3 работни места за Помлад судски соработник и 1 - помлад соработник - сметководител.

**Во категорија Г** -Помошно стручно судски службеници, непополнети се 20 работни места и тоа: 1 -самостоен судски референт- координатор на дактилобиро, 1 Самостоен судски референт- водител на писарница во граѓански оддел, 1- Виш судски референт- дактилограф, 16- Судски референти дактилографи и 1 - Помлад судски референт-доставувач.

**Судска полиција**- 4 (четири) 1 припадник на судската полиција, 1 командир на судска полиција 1 координатор на судската полиција и 1 заменик командир на судската полиција

**Вработени според ЗРО** 4(четири) - 1- работник во бифе , 1 курир, 1 возач и 1 хаусмајстор.

**Планирани и реализирани вработувања**

Согласно Годишниот план за вработувања на судот за 2023 год во Апелациониот суд Штип не беше предвидено вработување на неопределено време, туку само унапредување на 17 судски службеници и тоа. 9 Судски референти - дактилографи се унапредија во Виши судски референти - дактилографи , 1 Помлад судски референт - доставувач се унапреди во Виш судски референт - доставувач , 3 Помлади судски соработници, 2- Судски соработници и 2 Виши судски соработници се унапредија во Судски советници.

**Приоритетни вработувања**

**Судии - осум**

Според Одлуката на Судскиот Совет во Апелациониот суд во Штип предвидени се 16 судии заедно со Претседателот на судот, а моментално судот има 5 судии заедно со Претседателот.

Од страна на Судски совет на РСМ во текот на 2023 година беа објавени три огласи за прием на вкупно 5 судии од кои еден кривичен судија и четири граѓански судии, мегутоа до сега ССРСМ нема извршено избор по распишаните огласи. Со оглед на големиот заостаток на нерешени предмети Претседателот на судот ќе поднесе ново барање за распишување на уште еден оглас за избор на уште тројца судии.

Неопходно е пополнување осум судии и тоа пет судиски места по распишаните три огласи и уште три судиски места дополнително по наше поднесено барање се огледа во тоа што судот има заостаток од 1343 предмети од кои 1147 граѓански предмети и 196 кривични предмети, а секојдневно се доставуваат преставки поплаки ургенции од граѓаните странките, ССРСМ, Народниот правобранител и други, кои приговарраат на неажурноста на судот односно на судење во разумен рок. Со изборот на овие судии ќе се намали заостатокот на нерешени предмети, ќе се намалат поплаките до судот односно незадоволствата од станките, ќе се формираат повеќе совети во граѓанска и кривична материја и судот ќе стане поефикасен ќе добие и на квалитет и ќе биде ажурен суд, како што му доликува на еден второстепен суд.

**Судски соработник – 1 (еден) извршител**

На 11.03.2024 година Раководителот на граѓански оддел заминува во старосна пензија, поради што неговото место ќе се пополни преку интерен оглас, а ќе се бара распишување на јавен оглас на еден судски соработник.

**Судски референт – дактилографи – 6 шест**

Имајки предид дека според систематизацијата во судот се предидени 16 судиски места, и дека моментално имаме 5 судии а во 2024 година ќе се изберат уште пет нови судии по распишаните три огласи од страна на ССРСМ, како и се надеваме по распишување на уште еден оглас по наше барање за уште тројца судии, бројот на судиите ќе се зголеми на 13 судии.

Со оглед на фактот што моментално имаме 9 дактилографи од кои две ќе заминат во пензија наредната година, а уште една во јануари 2026 годинад во судот во 2026 ќе останат само 6 дактилографи, поради што неопходно е потребно за прием на уште 6 дактилографки на неопределено време , а имајки предид дека оваа година 2024 година е одобрен Планот за вработување само за еден дактилограф.

**8. Заклучок**

Од дадените прикази на состојбата со предмети се констатира дека приливот на нерешени предмети во 2023 година не е совладан, бидејќи заостатокот на нерешени предмети е зголемен за 535 предмети ( во 2022 година останале нерешени 808 предмети, а во 2023 година останале нерешени 1343 предмети). Бројот на нови предмети во 2023 година е зголемен за 7 предмети. Имено во 2022 година имало 2648 новопримени предмети, а во 2023 година се примени 2655 нови предмети.

Ова е резултат на тоа што Апелациониот суд Штип од предвидените 16 судии, до јуни 2023 година работеше со 9 судии и тоа 5 судии кривична материја и 4 судии граѓанска материја, заедно со ВД Претседателот. Во месец јуни 2023 година кривичниот судија Славчо Тасев замина во старосна пензија, а од септември до декември 2023 година тројца судии кои работеа на граѓанска материја заминаа во

старосна пензија и тоа: Софија Манева, Кирче Донев и Васка Перова, така што моментално имаме само пет судии од кои 4 судии кој работат кривична материја заедно со Претседателот на судот и само еден судија од граѓанска материја. Имајки во предвид малиот проj на судии во граѓанска материја, беше одлучено кривичните судии да ги работат Рож предметите, но и тоа не помогна многу, па поради тие причини судот има толку голем заостаток.

Апелациониот суд Штип реално очекува дека со приемот на нови пет судии по распишаните три огласи и прием на уште тројца судии, до колку ни биде уважено нашето барање, кое ке биде поднесено во најкраток можен рок, заостатокот на нерешени предмети ќе биде намален, предметите ќе бидат навремено решавани и нема да има повреда на правото за судење во разумен рок, а судот ќе може поефикасно и навремено да ја извршува својата функција, што ќе придонесе за поажурно решавање на предметите и намалување на заостатокот на нерешени предмети.

Констатираме дека и покрај малиот број на судии и проблемите околу формирање на советите, кои најчесто беа мешовити, квалитетот на донесените одлуки беше на високо ниво, а поради следното:

Во уписникот КЖ од кривичниот оддел, укинати се 0,80 %, а преиначени се 0,80 % од вкупниот број на решените КЖ предмети, во уписникот ПРКЖ од вкупниот број на решени предмети само 0,26% се укинати, додека во уписниците КСЖ, КЖМ, и КР од кривичниот оддел нема укинати и преиначени одлуки.

Во уписникот ГЖ од граѓански оддел, укинати се 0,41 %, а преиначени се 0,21 % од вкупниот број на решени ГЖ предмети. Во уписникот ТСЖ од граѓански оддел, укинати се 1,08 %, а преиначени се 4,84 % од вкупниот број на решени ТСЖ предмети. Во уписникот РОЖ од граѓански оддел, укинати се 0,63 % од вкупниот број на решени РОЖ предмети, а преиначени се 0,84 % од вкупниот број на решени РОЖ предмети. Во уписникот Р од граѓански оддел нема укинати и преиначени одлуки.

Апелациониот суд во Штип во 2023 година во рамките на својата надлежност во работењето се стремеше за зголемување на ефикасноста во работењето, ажурноста и транспарентноста, судењето во разумен рок, се стремеше кон намалување на трошоците на работењето и кон целосно имплементирање на програмата АКМИС во севкупното работење.

Сите судии совесно и професионално се однесуваа кон работата со цел да ја остварат ориентационата норма и судот да покаже поголем степен на ефикасност и ажурност. Поради малиот број на судии во Апелационен суд Штип, судот се соочуваше со проблеми во текот на работењето во смисла на тоа што судиите беа оптеретени со работа давајки го максимумот во нивната ангажираност,

Голем е ангажманот на судските советници и судски соработници кои беа активно вклучени во работата со судиите согласно годишниот распоред за работа. Таквиот активен ангажман на стручниот кадар има придонес во поглед на ефикасноста и квалитетот во работата

Покрај тоа треба да се нагласи и сериозниот пристап и ангажираноста на другите судски службеници во судот и нивниот придонес за постигнување на подобри резултати што е од значење за севкупното работење на судот.

Февруари 2024 год.

Претседател на судот
Тони Делев